Врз основа на член 24 од Законот за Просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Р.М. " број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13, 163/13 и 42/14,) член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров-Скопје **го дава следното:**

**СООПШТЕНИЕ**

Се известуваат граѓаните и правните лица од просторот, со дефиниран плански опфат од утврдениот **Нацрт План ДУП за Градска четврт СЗ 10, дека Општина Ѓорче Петров донесе Одлука за организирање на:**

## Јавна презентација и Јавна анкета

**По Нацртот за Детален урбанистички план за Градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров, Скопје** со следните граници на плански опфат:

- Север - северозапад - североисток**: се совпаѓа со дел од граница на плански опфат на ГУП за град Скопје од 2012год.;**
- Југоисток **- осовина на новопланирана собирна улица „18"; и**
- Југозапад **- осовина на новопланирана собирна улица.**

Нацрт планот е Утврден од страна на Советот на **Општина Ѓорче Петров-Скопје**, со одлука број 08-2225/5 од 25. 08. 2015год. („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" број 10/15). **Големината на планскиот опфат изнесува 3.72 ха**

- Планот ќе биде изложен во просториите на УЗ „ Дексион" во период од 10 работни дена
- **Јавната анкета ќе трае од 07. 09. 2015год. до 21. 09. 2015год**, - 10 работни дена, сметано од денот на објавата за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета во Јавните гласила „Дневник" и "Утрински весник", **секој работен ден од 09.00 до 16.00 часот.**
- **Планот ќе биде објавен и на веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk,**
- **Стручна расправа за Нацртот на Детален урбанистички план за градска четврт СЗ 10, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се одржи на 17.09.2015(четврток) во 12 часот** во просториите на **УЗ "Дексион".**
- **Јавната презентација на планот ќе се одржи на 17.09.2015 (четврток) во 14 часот,** во просториите на **УЗ "Дексион".**
- Анкетните листови за учество во јавната анкета можат да се подигнат во **просториите на УЗ "Дексион", во тек на излагањето на планот.**
- Во определениот рок заинтересираните правни и физички лица можат да доставаат писмени забелешки на анкетните листови.

**Број** 09-2397/2
03.09.2015 год.
**Скопје**

Општина Ѓорче Петров
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ